До:

- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19 и 42/20), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 14.07.2020

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 10 | 2918 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 13 и 14 јули 2020 година

4. **Датум на извршување на надзорот**: 14 јули 2020 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта."), **а во врска со член 69-а став 2 од Изборниот законик** („Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.") **и член 5 став 1 од Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година** („Изборната кампања за изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија започнува на 24 јуни 2020 година, при што 13 и 14 јули 2020 година се денови на изборен молк.").

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот над изборното медиумско претставување емитувано на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје на 13 и на 14 јули 2020 година, **констатирано е прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик**.

Имено, спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, радиодифузерот, при известувањето за време на изборниот молк, во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во кои има изјави од министерот за здравство Венко Филипче. Изјавите во одредени прилози се предадени како директно обраќање, во други се прекажани и дадени во пишана форма на телоп.

Прекршокот е сторен со следниве прилози:

На 13.07.2020 година во:
- Вестите во 08:30 часот во рамки на утринската емисија Нов Ден (08:34:02 – 08:36:15)
- Дневникот во 16:00 часот (16:14:39 – 16:16:21; 16:16:22 – 16:18:19)
- Дневникот во 19:00 часот (19:14:22 – 19:16:03; 19:16:04 – 19:18:02)
- Дневникот во 23:00 часот (23:14:07 – 23:15:23; 23:15:24 – 23:17:01)

На 14:07.2020 година во:
- Вестите во 08:30 часот во рамки на утринската емисија Нов Ден (08:34:04 – 08:35:43)

**7. Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје, на својот програмски сервис емитуван на национално ниво, за време на изборниот молк, на 13 и на 14 јули 2020 година, во неколку дневноинформативни изданија (емитувани како посебни емисии или во рамки на други емисии) емитуваше прилози поврзани со состојбата со корона вирусот во нашата земја и со активностите на здравствените власти против пандемијата со Ковид 19, во коишто има изјави на носител на функција во органите на власта (предадени како директно обраќање, прекажани или во пишана форма на телоп).

**8. Предлог-мерка:**

Согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик, Советот на Агенцијата да покрене прекршочна постапка против Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје.

***Сектор за програмски работи***